РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
СВЕТОЗАР МАРКОВИК
бр. 01-240/1
29.06.2022 год.
Старо Нагоричане

# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА НА УЧИЛИШТЕТО

| | |
|---|---|
| Училиште<br>Адреса | ***ООУ Светозар Марковиќ***<br>***с.Старо Нагоричане*** |
| Контакт | Тел: 031/495 323 Факс: 031/495 323<br>e-mail svetozar_markovic_mk@yahoo.com |
| Период на подготовка | 01.05.2022-31.05.2022 |
| Наставен кадар | 6 одделенски наставници<br>7 предметни наставници<br>(од други училишта дополнуваат 7 наставници) |
| Стручни соработници | 1 психолог |
| Административно-технички персонал | 1 секретар-благајник<br>1 книговодител<br>5 хигиеничари |
| Број на ученици во училиштето | 98 |
| Број на придружни училишта | 2 (две) |
| ДИРЕКТОР НА УЧИЛИШТЕТО | |
| Име | Маја Марковиќ |
| Потпис | |
| Датум | |
| ОДОБРУВАЊЕ ОД УЧИЛИШНИОТ ОДБОР | 02-238/6 од 29.06.2022 |
| Име | Драган Симоновиќ |
| Потпис | |
| Датум | |

Согласно членовите 129 и 130 од Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ бр.161 од 5.8.2019 година) за обезбедување на квалитет на наставата Училишниот одбор секоја четврта година донесува програма за развој на училиштето, во која се земени резултатите од самоевалуацијата, препораките од извештајот од интегралната евалуација спроведена од страна на Државниот просветен инспекторат, како и од мислењата од советодавната и стручната помош од Бирото за разој на образованието.

Самоевалуација на работата на училиштето се спроведува на крајот на секоја втора наставна година, а истата ја спроведува училишна комисија составена од 5 члена.

Во состав на **Училишната комисија** се:

1. Стеван Павловиќ – психолог
2. Драгица Димковска – наставник по македонски јазик
3. Светлана Стојчевска – одделенски наставник
4. Рашко Цветковски – родител
5. Фросина Вељковиќ - родител

**Опис на процесот на СЕУ**

Оваа учебна година во периодот од 01.05.2022 до 31.05.2022 година во училиштето е спроведена самоевалуација од страна на комисијата во состав: Стеван Павловиќ - училишен психолог, Драгица димковска - наставник по македонски јазик, Светлана Стојчевска – одделенски наставник, Рашко Цветковски – родител, Фросина Вељковиќ - родител.

Процесот беше реализиран во рамките на училиштето со вклучување на наставниците, учениците и родителите, а со цел добивање на точна слика за состојбите во училиштето. Активноста беше водена и координирана од членовите на комисијата за СЕУ на училиштето.

На седница на наставничкиот совет на предлог на комисијата за СЕУ и директорот на училиштето заради побрзо и поефективно спроведување на СЕУ беа формирани 7 работни групи, број на вработени кои работеа на секое од 7-те подрачја, односно 7 рамки за самоевалуација на училиштето и тоа:

1. Наставни планови и програми – Даниела Станковска и Мартин Петковиќ
2. Постигнувања на учениците – Стеван Павловиќ
3. Настава и учење – Габриела Пешевска , Наташа Мартиновска
4. Подршка на учениците – Стојна Арсовска Доневска, Славица Јовановска и Виолета Димитриевска;
5. Етос –Станка Јовановска, Драгица Димковска и Жаклина Стрика;
6. Ресурси – Наташа Максимовска и Маја Марковиќ
7. Раководство, креирање политика – Фросина и Светлана Стојчевска

Прашалниците за прибирање на податоци од учениците, родителите и наставниот кадар се изготвени од страна на психологот на училиштето Стеван Павловиќ. Работните групи успешно и навреме го завршија процесот на самоевалуација. Истите имаа неколку состаноци и повеќе консултации со комисијата за СЕУ, како и меѓусебни консултации во рамки на групите за побрзо и поефикасно спроведување на самоевалуацијата. Исто така за прибирање на податоци од делокругот на работата на раководниот кадар – директорот на училиштето, и орган на управување – училишниот одбор , извршено е интервју со директорот Маја Марковиќ. Директорот на училиштето на Комисијата и работните групи им ги достави на увид сите записници и други податоци од работата на училиштето.

На ниво на секое подрачје од страна на работните групи беа утврдени клучните јаки страни, беа согледани слабостите врз основа на што е направена анализа на состојбата и се предложени идни активности, односно приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на секое подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето. Истите со мали корекции се наведени во понатамошниот текст на Извештајот како што се дефинирани од работните групи.

## 1. Наставни планови и програми

**Клучни јаки страни**

-реализација на наставните планови и програми;

-реализација на вон-наставните активности;училиштето дава можност на учениците да бираат предмети кои ќе ги изучуваат

-добра информираност на учениците за болести и зависност, благодарение на ангажманот на училиштето;

**Слабости**

-незадоволство кај наставниците од просторијата во која се изведува наставата по информатика;
-училиштето не располага со доволен простор и услови за изведување на настава по одредени предмети; .
-неможност за реализација на сите вонnаставни активности поради големиот број на часови во неделата и дополнување на часови на наставниците во други училишта.;
-немање можност на наставниците да влијаат врз наставните планови и програми;.
-непостоење доволна можност за интегративен пристап во наставата.;
-немање училишна спортска сала;.

**Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- **обезбедување на просторни услови за реализација на наставата по одделни предмети**
- **иницијатива на наставниците за поголемо влијание при изработка на наставните планови и програми со свои искуства**

## 2. Постигнување на учениците

**Клучни јаки страни**

Успешно детектирање на ученици кои имаат потешкотии во учењето и ученици со посебни образовни потреби (ученици со попреченост и ученици со специфични тешкотии во учењето);
 Училиштето ги следи постигањата на учениците при премин од одделенска во предметна настава;
 Обучен наставен кадар за применување на критериумите и стандардите во оценувањето;
 Целосен опфат на учениците според пропишаната реонизација;
 Училиштето ја следи и почитува постапката за премин на учениците од едно во друго училиште;
 Систематски се следи, споредува и анализира состојбата со успехот и постигањата на учениците;

 Училиштето ги анализира причините за отсуство од наставата и навреме презема конкретни активности со цел зголемување на редовноста.

**Слабости**

 Училиштето не ја следи редовноста на учениците (според полот, етничката припадност),
 Наставниците не се доволно едуцирани за работа со ученици со попреченост и ученици со специфични тешкотии во учењето;
 Мала и несуштинска присутност на родителите во севкупниот живот и работа на училиштето.

**Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- **Обука на наставниците за работа со ученици со посебни потреби**
- **Осовременување на просториите за учење (кабинети по одредени предмети)**

**3. Настава и учење**

**Клучни јаки страни**

- Навремено изготвување на годишно, тематско и дневно планирање.
- Употреба на компјутерската технологија при изработка на планирањата
- Работата во комбинираните паралелки се одвива според умешноста и инвентивноста на самиот наставник
- Континуирано следење на работата на наставниците.
- Навремено информирање на родителите и учениците за дисциплината и успехот.
- Подеднакво третирање на двата пола и етничките групи.
- Соработка и добар меѓусебен однос меѓу наставниците.
- Учениците добро се однесуваат во училиштето.
- Редовно изложување на трудовите на учениците во текот на годината и организирање на изложби на ликовни и литературни творби, како и и практични изработки по повод значајните датуми

**Слабости**

- Непостоење можност одредени форми и методи на работа ефикасно да бидат применети.
- Преоптеретеност со голем број на часови во предметна и одделенска настава.
- Недостаток на термоизолациона фасада, недостаток на учебници и кабинети

**Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- **Доследна примена на стандарди за оценување.**
- **Поголема функционалност на Е - Дневник**
- **Утврдување на критериум за вреднување на работата на наставниците и поголема поддршка на наставниците во изготвување на планирањата**
- **Обука на наставниот кадар за работа со ученици со посебни образовни потреби**

**4. Подршка на учениците**

**Клучни јаки страни**

- Водење на грижа за физичкото и менталното здравје на учениците.
- Следење и континуирано водење на евиденција за редовноста, поведението, развојот и напредокот на учениците.
- Навремено известување на родителите или пак соодветните служби при откривање на проблеми кај учениците.
- Водење грижа за информираноста на родителите во врска со редовноста на нивните деца.
- .

.

**Слабости**

- Недоволно ангажирање од страна на родителите за соработка со училиштето.
- Недоволна обученост на наставниот кадар за работа со деца со посебни потреби.

**Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- **Подобрување на соработката на родителите со училиштето**
- **Обучување на наставниот кадар за работа со деца со посебни потреби**

**5. Етос**

**Клучни јаки страни**

- Организирање посети на училишта по повод патрони празници, ликовни и литературни конкурси, фудбалски натпревари и други активности предвидени со годишната програма за работа.

- Подеднакво ангажирање на машките и женските ученици, како и ученици од различно етничко потекло во сите наставни и вон-наставни активности.
- Навремено информирање на родителите за состојбите во училиштето, реализација на наставните планови и програми, како и за други активности кои се одвиваат во училиштето.
- Ангажирање на ученици во различни натпревари преку кои се презентираат постигањата на учениците во наставните и вонннаставните актуивности.
- Подеднакво промовирање на постигањата на учениците од двата пола и различно етничко потекло, како и еднаков третман на сите ученици.
- Редовно информирање на родителите за поведението и редовноста на нивните деца.
- Реализација на Програма за советување на родители
- Коректен однос помеѓу наставник – наставник и наставник – ученик.

**Слабости**

- Ограничена соработка со стопански организации, културни центри поради физичката оддалеченост на училиштето од урбаната средина како и слабата финансиска состојба на семејствата на учениците;
- Слаба вклученост на родителите во училишниот живот, слаба посетеност на родителски состаноци, Совет на родители, особено од оние родители чии деца покажуваат послаб успех;
- Немање на кабинет за ИКТ настава ;
- Мал број на екскурзии;
- Незадоволство од голем број на часови и обемни нови наставни прогарми.
- Немање на спортска сала

**Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- **Подобрување на соработката со родителите**
- **Вклучување на училиштето во проекти заради унапредување и подобрување на работата на училиштето**
- **Континуирана соработка со други училишта со однапред изготвени програми и потпишани меморандуми за соработка( за да може оваа соработка да се одвива континуирано, а не само по одредени поводи и на одделни сегменти)**
- **Воспоставување на соработка со деловната заедница со потпишанио акти за соработка**

**6. Ресурси**

**Клучни јаки страни**

- Соодветни училници за одвивање на настава.
- Соработка со родители и нивно навремено информирање за напредокот на учениците.
- Правилна распределба на финансиски средства со кои располага училиштето.
- Подобрени услови и успех на учениците, подобро здравје,помалку отсуство поради подобрените услови во самото училиште.
- Работа на проекти и соработка со фондации преку кои наставниците следат обуки и се набавуваат наставни средства и реквизити

**Слабости**

- Немање финансиска можност на училиштето да ги обезбеди потребните наставни средства и материјали.
- Ограничени финансиски средства потребни за задоволување на потребите на училиштето.
- Оштетена фасада на училишната зграда.
- Недостаток на превод на учебници на српски јазик.
- Недоволна застапеност на педагошко-психолошка служба во училиштето
- Неопремена спортска сала
- Немање финансиска можност на училиштето да ги обезбеди потребните средства за реновирање на ПУ во с. Алгуња

**Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- **Обезбедување на подобри услови за изведување настава во подрачните училишта.**
- **Обезбедување на потребните наставни средства и материјали како и стручна литература.**
- **Подобрување на комуникацијата на наставниците со учениците**

**7. Раководство, креирање политика**

**Клучни јаки страни**

- Вклученост на подрачните училишта во раководната структура.
- Водење грижа за зачувување и унапредување на здравјето преку разни активности.
- Навремено изготвување на План за развој, Годишна програма за работа на училиштето и Програми за работа на раководни и стручни органи и тела и спроведува методологија на седум чекори еко-менаџмент.

**Слабости**

1. Нема кабинетска настава
2. Хигиена и услови во тоалети

**Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- **Подобрување на условите во тоалетите**

Изготвиле :Училишна комисија за СЕУ

1. Стеван Павловиќ – психолог
2. Драгица Димковска – наставник по македонски јазик
3. Светлана Стојчевска – одделенски наставник
4. Рашко Цветковски – родител
5. Фросина Вељковиќ - родител




ООУ „Светозар Марковиќ“

Старо Нагоричане – Општина Старо Нагоричане

тел: + 389 (0) 31 495 323 факс 031 495 323

e-mail: svetozar_markovic_mk@yahoo.com.


**Архивски број 02-238/6 од 29.06.2022 година**

Врз основа на член 108 и 129 став (4) од Законот за основно образование ( „Сл. весник на РСМ бр.161 од 5.8.2019 година и бр.229/2020) Училишниот одбор на ООУ„ Светозар Марковиќ„ Старо Нагоричане на ден 29.06.2022 година ја донесе следната одлука:

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Извештајот за реализирана Самоевалуација на работата и постигнувањата на ООУ„Светозр Мрковиќ“ Старо Нагоричане за наставната 2020/2021 и 2021/2022 година**

**Член 1**

Оваа Одлука на Училишниот одбор се однесува на усвојување на Извештајот за реализирана Самоевалуација на работата и постигнувањата на ООУ„Светозр Мрковиќ“ Старо Нагоричане за наставната 2020/2021 и 2021/2022 година.

**Член 2**

Извештајот за реализирана Самоевалуација на работата и постигнувањата на ООУ„Светозр Мрковиќ“ Старо Нагоричане за наставната 2020/2021 и 2021/2022 година без измени и дополнувања е едногласно прифатен од присутните членови на Училишниот одбор.

**Член 3**

Одлуката е донесена едногласно од членовите на Училишниот одбор.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето.

29.06.2022 година
Старо Нагоричане

(МП)

Претседател на Училишен одбор

Драган Симоновиќ